**20221942686**

## МИНИСТЕРСТВО ЗА ПРАВДА

Врз основа на член 31 став (3) од Законот за медијација (*) („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.294/21), министерот за правда донесе

# ТАРИФНИК ЗА МЕДИЈАТОРИ

## I. ОПШТИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој тарифник за медијатори (во понатамошниот текст: Тарифник) се определува наградата и надоместокот на трошоците на медијаторите за извршените дејствија во постапката за медијација, евидентирана во Регистарот на примени барања за медијација.

Член 2

(1) Надоместокот на трошоците и наградата на медијаторот за извршена медијација претставуваат исплата на соодветен паричен износ за ангажирањето, сложеноста на спорот и трошоците на медијаторот во постапка на спорен однос помеѓу две или повеќе страни.

(2) Исплатата на надоместокот на трошоците и наградата од став (1) на овој член се врши на трансакциската сметка, наведена од медијаторот.

(3) Наградата и трошоците изразени во евра се наплаќаат во денарска противредност по средниот курс на Народна банка на Република Северна Македонија, на денот на плаќањето.

Член 3

(1) Медијаторот кој до Министерството за правда поднел барање за субвенција во конкретна постапка на медијација согласно условите од член 35 од Законот за медијација, треба да приложи Трошковник, намален за износот на субвенцијата која ја бара.

(2) Дополнителните активности над четири часа медијација кои не се опфатени со Правилникот за поблиски критериуми, начинот на субвенционирањето, исплатата, образецот за наплатена награда, трошоците на медијаторот, образецот на барањето за субвенционирање и потребната документација, се наплаќаат од страните во постапката за медијација во согласност со овој тарифник.

## II. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА НАГРАДАТА

Член 4

(1) При определувањето на наградата се земаат во предвид вложениот труд, сложеноста на спорот, потрошеното време во постапката за медијација и бројот на страните.

(2) Висината на наградата на медијаторот, изнесува 20 евра во денарска противвредност, за секој започнат час од медијацијата.

(3) Наградата ја плаќа страната која е иницијатор на медијацијата, во постапки за медијација за кои не започнало активно преговарање, без оглед дали медијацијата е поведена поради законски пропишан задолжителен обид, по договор или на доброволна основа.

(4) Медијаторот наплаќа награда за изготвување на спогодба, во висина од 50 евра во денарска противредност, освен ако страните и медијаторот не се договориле поинаку во постигнатата спогодба од член 26 од Законот за медијација.

(5) Доколку во постапката на активна медијација учествуваат повеќе учесници (правни и физички лица) на една од страните на спорот, наградата на медијаторот од ставовите (2) и (4) на овој член, се зголемува за 30% на вкупната вредност на име награда.

## III. ОПРЕДЕЛУВАЊЕ НА ВИСИНАТА НА ТРОШОЦИТЕ НА МЕДИЈАТОРОТ

### Член 5

(1) Медијаторот пресметува и наплатува трошоци на постапката за медијација

(2) Трошоците кои се предизвикани во постапката на активна медијација се пресметуваат и наплатуваат согласно писмен трошковник кој го изготвува медијаторот и тоа во еднакви износи за страните кои учествуваат во медијација, освен ако истите не се договорат поинаку.

(3) При пресметувањето на трошоците на постапката на медијација, медијаторот треба грижливо да се однесува и да ги сведе трошоците на најниско можно ниво.

(4) Медијаторот наплаќа трошоци за преземените дејствија, во следниот износ:

- за состав покана со писмена изјава за согласност за учество во постапка за медијација 20 евра во денарска противвредност
- за состав на изјава за неуспешен обид за започување на постапка на медијација 30 евра во денарска противвредност
- записник за изминато време во активни преговори со странка 2 евра во денарска противвредност
- за состав на изјава за нецелисходност на постапката за медијација 30 евра во денарска противвредност и
- за препис од списи на предметот медијаторот издава копија за секоја страна по 1 евро во денарска противвредност.

(5) Надоместокот за трошоци на медијаторот се определува според реалните трошоци во висина на поштарината за достава на покани на страните во медијацијата, трошоци за хартија, копирање на списи, склучување на писмена спогодба, поткрепени со соодветна документација и пресметка.

(6) Доколку медијаторот за цели на медијацијата патува надвор од своето место на живеење на медијаторот му следува:

- надоместок за превоз, до висина на трошоците на патниот билет за превозното средство што го користел медијаторот, а за употреба на сопствено возило ќе му надоместат по 20% од цената на најскапиот бензин за секој изминат километар,
- надоместок- за ноќевање, до висина на трошоците за ноќевање ако треба да остане подолго од еден работен ден.

## IV. НАГРАДА И ТРОШОЦИ НА МЕДИЈАТОРИТЕ ВО ПОСТАПКА ШТО ЈА ВОДАТ ДВА ИЛИ ПОВЕЌЕ МЕДИЈАТОРИ

### Член 6

(1) Во споровите каде по договор на страните, медијацијата ја спроведуваат двајца или повеќе медијатори, наградата и трошоците на медијаторот/комедијаторите се определува спогодбено меѓу медијаторите и страните.

(2) Во случајот од ставот (1) на овој член, наградата се пресметува со зголемување за 70% од предвидената со овој тарифник за секој комедијатор.

(3) Висината на трошоците ќе се пресмета согласно одредбите од овој тарифник.

## V. НАЧИН НА НАПЛАТА НА НАГРАДАТА И ТРОШОЦИТЕ НА МЕДИЈАТОРОТ И КОМЕДИЈАТОРОТ

### Член 7

(1) Во постапката на медијација, секоја страна ги сносува своите трошоци (адвокатски трошоци, патни трошоци и др.), освен ако страните учесници во медијација, не се договорат поинаку.

(2) Наградата и надоместокот на трошоците на медијаторот како заеднички трошоци ги намируваат страните на еднакви делови, освен ако страните поинаку не се договорат. Доколку постапката не започне, односно спротивната страна не се јави на поканата за медијација, страната која ја иницирала постапката ги надоместува трошоците на медијаторот во целост.

(3) Медијаторот може да побара од страните да депонираат аванс за трошоците на постапката пред почетокот на медијацијата, или по завршувањето на секоја средба. Медијаторот и страните во спорот на почетокот на постапката ќе се договорат за начинот на плаќање на авансот.

(4) Во случај на непочитување на обврската за плаќање на трошоците според договореното од став (3) на овој член, или доколку средствата за аванс не бидат платени во целост најдоцна во рок од седум дена од денот на приемот на трошковникот на медијаторот, медијаторот може со писмена изјава да се откаже од постапката за медијација, која предизвикува дејство од денот на изјавата, без оглед во која фаза медијацијата се спроведува.

(5) По завршувањето на постапката за медијација, медијаторот на страните им доставува трошковник со докази за направените реални трошоци и потрошените средства, како и висината на наградата за преземените дејствија во согласност со овој тарифник.

(6) Доколку страните не се договорат за начинот и времето на плаќање на трошоците на медијацијата, согласно одребите од ставот (3) на овој член, а се согласни спорот да се обидат да го решат во постапка на активна медијација, медијаторот ги задолжува со писмен трошковник доставен до двете страни, трошоците да ги платат на еднакви делови согласно одредбите од овој тарифник.

(7) Доколку во законски предвидениот рок за спроведување на медијацијата, страните постигнат спогодба за решавање на спорот надвор од медијацијата, односно без посредство на избраниот медијатор, страната иницијатор, односно страните доколку заедно ја иницирале медијацијата, ги плаќаат трошоците на постапката како и 50% од наградата утврдена во член 4 став (4) на овој член, според писмен трошковник кој медијаторот ќе им го достави на страните по сознанието дека спорот е решен без да биде вклучен во постигнатата спогодба за решавање на спорот.

(8) Исплатата на наградата и трошоците за комедијаторот се вршат одвоено од наградата и трошоците на медијаторот.

(9) Наградата и трошоците предвидени со овој тарифник се пресметуваат и наплаќаат зголемени за износот на данок на личен доход согласно Законот за данокот на личен доход.

Член 8

Во случај на медијација во која најмалку една од страните е странско физичко лице, односно странско правно лице, наградата и трошоците предизвикани во постапката, се наплаќаат со зголемување од 50% од предвидената со овој тарифник.

## VI. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Член 9

Ако во текот на постапката за медијација, тарифникот се изменил еднаш или повеќе пати, ќе се примени тарифникот што е во сила на денот на завршувањето на постапката.

Член 10

Со денот на влегувањето во сила на овој тарифник престанува да важи Тарифникот за награда и надоместок на трошоците на медијаторите („Службен весник на Република Македонија“ број 12/11).

Член 11

Овој тарифник влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 09-2464/1
30 август 2022 година
Скопје

Министер за правда,
д-р **Никола Тупанчески,** с.р.